# Што е BiPAP машина?
# What is a BiPAP Machine?

Машината BiPAP е мала направа што му помага на пациентот со дишењето. Поврзана е преку меко црево со маска што пациентот ја носи на лицето (како што е прикажано на ислустацијата). BiPAP машината помага на тој начин што го турка воздухот во белите дробови и ги држи отворени за да им овозможи во нив да влезе повеќе кислород.

## Кога се користи BiPAP машина?
## When is a BiPAP Machine Used?

BiPAP машината се користи кога пациентот не може да дише комплетно самостално и му треба помош за да прима кислород во крвта. Понекогаш може да биде употребена наместо пациентот да се поврзува со машина за дишење (вентилатор).

На пациентите може да им се овозможат куси паузи за одмор од BiPAP маската која што потоа обично се заменува со обична маска за кислород.

## Колку долго се користи BiPAP машината?
## How long is a BiPAP Machine Used?

Докторот од Одделението за интензивна нега одредува колку долго ќе се користи. Машината успешно се користи во траење од неколку часа до неколку недели во Одделението за интензивна нега (BiPAP машината може, исто така, да се користи во специјализираните одделенија за дишни болести). Некои машини, што се специјално модифицирани (адаптирани), можат, дури, да се користат долго време и дома.

## Дали има некакви компликации?
## Are There Any Complications?

Сите интерванции и процедури во Одделението за интензивна нега носат одреден степен на ризик дури и кога се изведуваат од страна на обучен и искусен персонал. Ве молиме да ги продискутирате овие прашања со медицинскиот персонал кој се грижи за пациентот.

## Дали имате некакви прашања?
## Any Questions?

Секако, ако имате некакви прашња или грижи, ве молиме да разговарате со сестрите и докторите од Одделението за интензивна нега.



